Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 11, став 1 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ" бр. 79/2009), како и член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.03/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден __.__.20__ година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2024 година

### *I. Појдовна основа*

Остварувањето на социјалната заштита во Општина Демир Хисар во 2024 година се заснова на Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита.

Со Програмата поблиску се уредува начинот на остварувањето на социјалната заштита.

### *II. Цели*

Основните цели на оваа Програма се:

- Обезбедување на активен однос на Советот на Општина Демир Хисар кон задоволување на потребите на граѓаните, преку обезбедување на мерки во областа на социјалната заштита;
- Справување со социјалната исклученост на ранливи групи;

### *III. Мерки и активности во остварувањето на социјалната заштита*

Мерките и активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон помагање и поддржување за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Доделување еднократна парична помош или помош во натура - ова право можат да го остварат лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, подолго лекување или друга социјална криза, како и за повремена помош на одделни биолошки семејства кои се грижат за свои членови - лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, за задоволување на потребите за овие лица.

| Ред. бр. | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Д. Хисар | МТСП | Други извори | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Еднократна парична помош или помош во натура | 12 мес. | Општина Д. Хисар | 900,000,00 | / | / | 900.000,00 |
| | Вкупно: | | | 900,000,00 | / | / | 900,000,00 |

## *IV. Финансиски средства за социјална заштита*

Мерките и активностите во остварувањето на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар предвидени за 2024 година.

## *V. Распоредување на буџетските средства*

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на Општината Демир Хисар, со напомена дека овие средства во зависност од опфатот на правата во текот на годината може да се менуваат согласно со Одлука на Совет на Општина Демир Хисар.

Дополнителни проекти ќе предлага Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар.

## *VI. Активности поддржувани со други форми на активности*

Во Општина Демир Хисар делуваат здруженија на граѓани чија основна цел е социјализација на маргинализирани групи. Општината Демир Хисар ќе ги поддржи нивните напори за отворање на клубови и ќе вложи напори да обезбеди соодветен простор за нивно делување.

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Демир Хисар се:

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината:
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од обласата на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Демир Хисар.

## *VII. Завршни одредби*